Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 2 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Оливера Нечовска и Светлана Кузмановска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура, како и Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Петров, национален координатор за имплементација на национална платформа за намалување ризици од несреќи и катастрофи и Билјана Пецовска, нотар.

На седницата не учествуваа д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Ирена Стефоска, министер за култура.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 41-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јануари 2021 година
- Усвојување на Записникот од 44-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 февруари 2021 година
- Усвојување на Записникот од 45-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2021 година

- Концепција за основно образование
- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија
    - Информација за отворени прашања за ИПА, со прилози

1. Записник од Дваесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 1 март 2021 година

2. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од деветта емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука

3. Информација за изработка на Акицписки план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија

4. Информација за отпис на камата по основ на данок на додадена вредност и данок на добивка

5. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Стрежево Битола, со Предлог-одлука

6. Одлука за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените на ЈП Агро - берза Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука

7. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна Мирорс Саут-Ист Јуроп ДООЕЛ Струга, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за давање под закуп на недвижна ствар

9. Предлог на листа за дополнување на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

10. Информација во врска со давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопстввеност на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, со Предлог-одлука

11. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со намена изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон и тоа за КП бр.228/6, КО Баница, култура ГЗ-ГНЗ со површина од 3495 $м^2$, која е дел од Г.П бр.1.1 со намена на парцела Е2-комунална супраструктура, бензинска пумпна станица согласно Извод од ДУПД на КП бр.228/3, КП бр.228/4 и дел 228/1, КО Баница, со Предлог-одлука

12. Предлог на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк

13. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (3-та измена)

14. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

15. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

16. Информација за површините од ловиштата кои се преклопуваат со дефинираните граници и површина на Армискиот полигон Криволак

17. Информација во врска со Планот на реорганизација на должникот ИМПГ ДООЕЛ Скопје – во стечај

18. Информација за состојбата со аерозагадувањето и потребата од продолжување на процесот на замена на нееколошки горива во јавните објекти во Република Северна Македонија

19. Информација за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија со Предлог-одлука за поништување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга

20. Информација за вишок на простор во објектот на Управата за хидрометеоролошки работи, со Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар (деловен простор – ресторан)

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Согле, Општина Чашка, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Бучиште, КО Петршино, Општина Пробиштип, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А0 – домување со станбени куќи со посебен режим КО Штип-вонград, Општина Штип, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Демир Капија, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

25. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јанче Стојковиќ од Свети Николе, со Предлог-одлука

26. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Салије Јусин с.Радање Карбинци, со Предлог-одлука

27. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Стефан Зарков од Штип, со Предлог-одлука

28. Информација за давање согласност за склучување договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДЗУТ Пивко Стево ДООЕЛ с.Могила, со Предлог-одлука (39-1633)

29. Информација за давање согласност за склучување договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДЗУТ Пивко Стево ДООЕЛ с.Могила, со Предлог-одлука (39-1632)
30. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Владе Зарков ул. Широк Дол бр.19-9 Штип ,со Предлог-одлука

31. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги Арекспорт ДООЕЛ увоз-извоз Струмица, со Предлог-одлука

32. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина на локалитетот „Скрка“ с.Дебриште, Општина Росоман, со Предлог – решение

33. Информација во врска со престанок на важење на концесиите за експлоатација на минерални суровини на Акционерското друштво за производство и услуги Карбо-нова АД Крива Паланка заради отворање на стечајна постапка, со Предлог - одлуки

34. Информација за продажба на недвижна ствар во село Росоман, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во село Росоман

35. Информација за назначување на Раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со ИПА I и ИПА II, со предлог - решенија

36. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Астра Електроник Компани“ ДОО Скопје за деловната просторија на булевар „3-та Македонска Бригада“ бр.37, Скопје-Аеродром

37. Информација за ништовност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.10-7550/1 од 31.7.2018 година изменет со Анекс бр.10-7550/4 од 1.11.2018, со бр.09-9590/1 склучен на 15.10.2020 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Бас Тути Фрути ДООЕЛ Скопје

38. Информација за ништовност на Анексот на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-7544/1 од 31.07.2018 година, со бр.09-9598/1 склучен на 15.10.2020 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, услуги и трговија Металпромет Цветан ДОО Радовиш

39. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Јовановски против Северна Македонија А.бр.54546/16 и 12 други апликации и Спасовски против Северна Македонија А.бр.41437/16 и 14 други апликации

40. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Трендафиловски против Северна Македонија А.бр.59119/15

41. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

42. Предлог-одлука за давање во закуп на движна ствар (контејнер)

43. Барање на Теодор Атанасов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија

44. Барање на Билал Кара, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија

45. Барање на Билал Суџубаши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија

46. Барање на Бесник Река и Илирјана Река, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија

47. Информација за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на дел од елементите на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, со Акциски план

48. Информација за согледување на состојбите и предлагање мерки за надминување на истите во Јавната научна установа Институт за филм - Филмска академија во Охрид

49. Информација по доставено барање за основање приватна установа за деца - детска градинка „Блетезат“ во Тетово, со Предлог-одлука

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (инвентар и ИТ опрема)

51. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2021 година

52. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2021 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје

53. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2021 година за Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје

54. Извештај за процесот на пилотирање на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци, базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ)

55. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2021 и 2022 година

56. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници
57. Извештај за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот јануари – декември 2020 година

58. Иницијатива од адвокат Марика Димитровска од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.297/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 70, член 131 и член 135 во делот „освен одредбите на членот 70 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019)

59. Иницијатива за изменување и дополнување на член 61 став 1, алинеја 10 од Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.64/18), по претставки поднесени од Македонското здружение на млади во име на барателите на ази

60. Посебен извештај за попречување на работата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија доставен до Владата на Република Северна Македонија, со цел преземање соодветни дејствија

61. Иницијатива од Гордана Аџи - Спиркоска од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2010)

62. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.736 за КО Бардовци на КП бр.1947, дел1, место викано село, катастарска култура зз, нива, класа 2, со вкупна површина од 103 $м^2$

63. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4426 за КО Бутел на КП бр.1726, во место викано Шуто Оризари

64. Понуда од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8431 на КО Тетово-3 на КП бр.12787, викано место/улица Град

65. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1455 за КО Центар на КП бр.8532 викано место Јане Сандански со површина од 37 $м^2$

66. Понуда од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613

67. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2129 за КО Злокуќани на КП бр.147/14 место викано Зајчев Рид со вкупна површина од 5570 $м^2$

68. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка

69. Кадровски прашања

70. Прашања и предлози

71. Годишен извештај за работата на Цивилно воениот комитет за воздухопловство за 2020 година

72. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за декември 2020 година

73. Извештај за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица“ Кичево, за четврт квартал на 2020 година

74. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро - Берза – Скопје за период октомври-декември 2020 година

75. Информација за извршени инспекциски надзори во државните институции во 2020 година, за примена на Законот за заштита од пушење

76. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во Договорот за концесија на риби согласно Законот за рибарство и аквакултура за период јули - декември 2020 година

77. Програма за работа за 2021 година на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија

78. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година

79. Информација во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули-декември 2020 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св.Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија

80. Информација за спор пред Одбор за решавање на спорови (ДАБ) воспоставен од страна на ФИДИК Федерација СТР- 0706-1/21

81. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Србија со седиште во Златибор

82. Известување за отстапување на патнички моторни возила за кои трајно престанала потребата од нивно користење

83. Информација за преземање на мерки за борба против корупција

84. Информација за формирање на работна група за изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија со предлог решение

85. Предлог-решение за именување Почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Србија со седиште во Златибор

86. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

87. Информација со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари од Министерство за транспорт и врски на Управен суд на Република Северна Македонија

*

* *

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од 41-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јануари 2021 година, Записникот од 44-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 февруари 2021 година и Записникот од 45-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2021 година**

*****

*** ***

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Концепција за основно образование**

Министерот за образование и наука, Мила Царовска ги информираше членовите на Владата за Концепцијата за основно образование.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања за ИПА, ја усвои Информацијата со заклучок Секретаријатот за европски прашања во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ја дополни истата согласно насоките произлезени од расправата на седницата на Владата, во однос на присуство на средби на највисоко

ниво на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции (покрај заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и министерот за финансии), за проектите од инвестициската рамка и со следните заклучоци:

1. Се задолжува Националниот службеник за авторизација веднаш да достави до Националниот ИПА координатор статус на пополнетост на раководните позиции во ИПА структурата.

2. Се задолжува Националниот службеник за авторизација веднаш да ги достави до Националниот ИПА координатор плановите за вработувања во ИПА структурата, вклучително и за ИПАРД.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да подготви и до Владата да достави правилник за учество и финансиски надоместок на членовите на евалуациските комисии за тендери за проекти финансирани од ЕУ, најдоцна до 16.3.2021 година.

4. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори веднаш да го информира Националниот ИПА координатор за последниот статус на договорите за градежни работи за надзор над градбата за проектот „Колекторски систем за Скопје".

5. Се задолжува ЈП за железничка инфраструктура „Железници" на Република Северна Македонија веднаш да достави до Националниот ИПА координатор последна информација за статусот на реализацијата на експропријацијата на земјиштето и подготовката на Акцискиот план за релокација поврзани со спроведувањето на проектот Коридорот VIII железница.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги достави до Секторот за централно финансирање и склучување на договори тендерските документи за проектите за пречистителните станици и канализационата мрежа во Битола и Тетово и тендерските документи за проектот за пречистителната станица во Кичево, во најкус можен рок.

7. Се задолжува Националниот ИПА координатор да ја информира Европската комисија за статусот на исполнување на заклучоците од Заедничкиот комитет за следење на ИПА од 14.10.2020 година, најдоцна до 8.3.2021 година.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Дваесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 1 март 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Дваесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 1 март 2021 година година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести, односно го прифати Протоколот за превентивни мерки при спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на АД за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од деветта емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:
1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од деветта емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за економија, средствата во износ од 2.269.200,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија објавен на денот пред денот на донесување на Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од деветта емисија по пат на приватна понуда, кои се обезбедени во буџетот на Министерството за економија за 2021 година на сметка 100011554763715, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства, да ги префрли на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ Скопје во државна сопственост, согласно Одлуката

## Точка 3

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изработка на Акциски план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труди и социјална политика, Министерството за култура- Управа за заштита на културното наследство, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за хидрометеоролошки работи, а се препорачува на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, Градот Скопје, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Територијално противпожарните единици на Град Скопје, Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"-п.о.-Скопје, Јавното претпријатие Национален парк Маврово, Јавното претпријатие Национален парк Пелистер, Јавното претпријатие Национален парк Галичица, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" - Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, во делокругот на нивните овластувања и надлежности, а во насока на намалување на ризиците од природни катастрофи да предложат активности и подактивности за временски период од јануари 2022 до декември 2024 година, да ја дефинираат временската рамка за реализација, проценката на трошоците, изворите на финансирање, како и индикаторите за успех во интегрираната табеларна форма која е составен дел на оваа информација и да ги достават до националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена.

2. Се задолжува националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија да ги сублимира сите предложени активности и подактивности за временски период од јануари 2022 до декември 2024 година, да ја дефинира временската рамка за реализација, проценката на трошоците, изворите на финансирање, како и индикаторите за успех во интегрирана табеларна форма во Акциски план за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија и да ги достави на разгледување и прифаќање до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 1 ноември 2021 година.

Истовремено, Владата им укажа на сите институции од заклучокот бр.1 да ги координираат активностите, со цел да се изнајде усогласено решение - акциски план кој што треба да биде изработен.

**Точка 4**

Владата по Информацијата за отпис на камата по основ на данок на додадена вредност и данок на добивка заклучи:

1. Се задолжуваат сите јавни претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост кои се должници по основ на данок на додадена вредност, данок на добивка и камати по основ на даноци, да направат табеларен и разбирлив преглед на долговите по основ на секој од даноците, заклучно со 31 декември 2020 година и во рок од седум дена да ги достават до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции по добивањето на податоците, во рок од седум дена да подготви информација и истата да ја достави за седница на Економскиот совет, со цел да се изнајде системско решение за надминување на овој проблем.

**Точка 5**

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на новиот текст на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Предлог - договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна мирорс Саут-Ист Јуроп ДООЕЛ Струга, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања во координација на Кабинетот на заменикот на

претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-листата за дополнување на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти и условно даде согласност на Листата за дополнување на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Град Скопје, со заклучок предлагачот, согласно укажувањата на расправата на седницата да направи корекција на Предлог-листата.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Акционерското друштво ЕВН Електростопанство на Македонија-Акционерското друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со намена изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон и тоа за КП бр.228/6, КО Баница, култура ГЗ-ГНЗ со површина од 3495 $м^2$, која е дел од Г.П бр.1.1 со намена на парцела Е2-комунална супраструктура, бензинска пумпна станица согласно Извод од ДУПД на КП бр.228/3, КП бр.228/4 и дел 228/1, КО Баница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлогот на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните констатации и заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија ќе ја основа јавната установа Национален парк Шар Планина во рок од три месеци од денот на донесување на Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк.

2. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена, согласно закон да донесе решение за привремена заштита на идното заштитено подрачје Национален парк Шар Планина, со кое ќе се забрани донесување на нови одлуки за доделување на концесии на територијата на идниот Национален парк до донесување на Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со ЈП Национални шуми - подружница Тетово и подружница Гостивар, да подготви список на вработени кои би можеле да преминат од ЈП Национални шуми во новоформираната ЈУ Национален парк Шар Планина, согласно нивните квалификации и работно искуство до воспоставувањето на ЈУ Национален парк Шар Планина.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на ловостопанските основи за државните ловишта на територијата на Националниот парк Шар Планина во соработка со ЈУ Национален парк Шар Планина да ги разгледа можностите за воспоставување на ловишта со посебна намена во зоната за одржливо користење, како и репроцентри и да и предложи на Владата нивно воспоставување со цел нивно навремено предвидување во Планот за управување и Просторниот план на Национален парк Шар Планина.

5. Да се поставаат заштитни појаси околу малите хидроелектрични централи во зоната на строга заштита и зоната за активно управување со цел во рок од една година, предвиден со Законот да се надминат отворените прашања со инвеститорите кои што досега имаат отпочнато постапки или склучено договори за концесија на користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи за да се избегнат судски постапки за надомест на штета против државата што би предизвикале дополнителни финансиски импликации.

**<u>Точка 13</u>**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за површините од ловиштата кои се преклопуваат со дефинираните граници и површина на Армискиот полигон Криволак за наредната седница на Владата откако ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 17**

Владата на предлог на предлагачот ја повлече од Дневен ред Информацијата во врска со Планот на реорганизација на должникот ИМПГ ДООЕЛ Скопје – во стечај, со предлог - одлуки.

**Точка 18**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за состојбата со аерозагадувањето и потребата од продолжување на процесот на замена на нееколошки горива во јавните објекти во Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука за поништување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 20**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за вишок на простор во објектот на Управата за хидрометеоролошки работи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп недвижна ствар, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Согле, Општина Чашка, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Согле, Општина Чашка (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Бучиште, КО Петршино, Општина Пробиштип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Бучиште, КО Петршино, Општина Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А0 – домување со станбени куќи со посебен режим КО Штип-вон град, Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А0 – домување со станбени куќи со посебен режим КО Штип-вон град, Општина Штип, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Демир Капија, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Демир Капија, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Јанче Стојковиќ од Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Салије Јусин с.Радање Карбинци, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Стефан Зарков од Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство трговија и услуги Пивко Стево ДООЕЛ с.Могила, Општина Могила, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДЗУТ Пивко Стево ДООЕЛ с. Могила, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Владе Зарков ул. Широк Дол бр.19-9 Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги Арекспорт ДООЕЛ увоз-извоз Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина на локалитетот „Скрка“ с.Дебриште, Општина Росоман, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата во врска со престанок на важење на концесиите за експлоатација на минерални суровини на Акционерското друштво за производство и услуги Карбо-Нова АД Крива Паланка заради отворање на стечајна постапка, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–бречирани мермери-градежно технички камен на локалитетот „Горна Бањица“, Општина Гостивар, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–бречирани мермери на локалитетот „Краста“, Општина Гостивар во предложениот текст.
3. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – доломитизирани мермери на локалитетот „Сушички Мост“, Општина Гостивар, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар во село Росоман, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии (зграда), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во село Росоман, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со ИПА I и ИПА II, со предлог-решенија, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Решението за назначување раководител на оперативните структури надлежни за спроведување на Компонентата за регионален развој и Компонентата за развој на човечки ресурси од ИПА во системот за децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Северна Македонија и

2. Најновиот текст на Решението за назначување на раководител на оперативната стуктура во системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), во предложените текстови.

## Точка 36

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Астра Електроник Компани“ ДОО Скопје во деловната просторија на Булевар „3-та Македонска Бригада“ бр.37, Скопје-Аеродром, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за ништовност на Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-7550/1 од 31.07.2018 година изменет со Анекс бр. 10-7550/4 од 01.11.2018 година, со бр.09-9590/1 склучен на 15.10.2020 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Бас Тути Фрути ДООЕЛ Скопје и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да достави Известување до Друштвото за производство, трговија и услуги Бас Тути Фрути ДООЕЛ Скопје, дека склучениот Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка, бр.09-9590/1 од 15.10.2020 година е ништовен од причина што истиот е во спротивност со одредбите на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија" бр.83/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 124/19) поради што не предизвикува правно дејство.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за ништовност на Анексот на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-7544/1 од 31.7.2018 година, со бр.09-9598/1 склучен на 15.10.2020 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, услуги и трговија Металпромет Цветан ДОО Радовиш, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да достави известување до Друштвото за производство, услуги и трговија Металпромет Цветан ДОО Радовиш, дека склучениот Анекс на Договорот за доделување на финансиска поддршка, бр.09-9598/1 од 15.10.2020 година е ништовен од причина што истиот е во спротивност со одредбите на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија" бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 124/19) поради што не предизвикува правно дејство.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Јовановски против Северна Македонија А.бр.54546/16 и 12 други апликации и Спасовски против Северна Македонија А.бр.41437/16 и 14 други апликации и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Јовановски против Северна Македонија А.бр.54546/16 и 12 други апликации и Спасовски против Северна Македонија А.бр.41437/16 и 14 други апликации.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите Јовановски против Северна Македонија А.бр.54546/16 и 12 други апликации и Спасовски против Северна Македонија А.бр.41437/16 и 14 други апликации ќе исплати вкупно 27.350 евра за 28 апликации во поединечни износи како во табелите составен дел на Информацијата.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите од предметите Јовановски против Северна Македонија А.бр.54546/16 и 12 други апликации и Спасовски против Северна Македонија А.бр.41437/16 и 14 други апликации во предметите пред Европскиот суд за човекови права, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на секој поединечен предмет.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Трендафиловски против Северна Македонија А.бр.59119/15, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст, со заклучок Министерството за финансии да ја спроведе оваа одлука најдоцна до 15 март 2021 година.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на движна ствар (контејнер), со заклучок текстот и Образложението на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 43

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Теодор Атанасов за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата.

## Точка 44

Владата го разгледа Барањето на Билал Кара за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 45

Владата го разгледа Барањето на Билал Суџубаши за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 46

Владата го одложи од разгледување Барањето на Бесник Река и Илирјана Река, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од докомплетирање на документацијата.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на дел од елементите на Финансискиот извештај, Билансот на приходи и расходи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, со Акциски план, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука да го имплементира Акцискиот план за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на дел од елементите на Финансискиот извештај, Билансот на приходи и расходи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за согледување на состојбите и предлагање мерки за надминување на истите во Јавната научна установа Институт за филм - Филмска академија во Охрид и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од 30 дена да донесе решение за префрлување на студентите од Јавната научна установа Институт за филм - Филмска Академија во Охрид на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рамките на одобрениот буџет за 2021 година, да ги обезбеди потребните финансиски средства за реализација на студиската програма на студентите, односно за заокружување на започнатите студии на студентите кои веќе биле запишани и студирaа на студиските програми на Јавната научна установа Институт за филм - Филмска Академија во Охрид, на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за престанок и за давање на користење на движни ствари (филмската техника и опрема од ЈНУ Институт за филм-Филмска Академија во Охрид) на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од 30 дена да склучи договор за соработка со Факултетот за драмски уметности во Скопје за реализација на студии за запишаните студенти.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука - Државниот просветен инспекторат, во рок од 30 дена да изврши вонреден инспекциски надзор во работата на ЈНУ Институт за филм - Филмска Академија во Охрид, како јавна научна установа, согласно Законот за научно - истражувачка дејност.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од 6 месеци да ангажира независна ревизорска куќа која ќе изврши ревизија на досегашното и сегашното работење на ЈНУ Институт за филм - Филмска Академија, Охрид.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање одобрение за основање приватна установа за деца -детска градинка „Блетезат" во Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Блетезат" во Тетово, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (инвентар и ИТ опрема), во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2021 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2021 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа Извештајот за процесот на пилотирање на новиот модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци, базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ) и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, најдоцна до 1 април 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, најдоцна до 1 април 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство да презема активности во рамките на своите надлежности за формирање седум регионални стручни тела за функционална проценка во следниве градови: Струмица, Штип, Велес, Куманово, Гостивар, Охрид и Битола, континуирано во текот на 2021 година.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот јануари – декември 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Во согласност со член 12 став 1 алинеја 9 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Советот за статистика до Собранието на Република Северна Македонија поднесува Годишен извештај за својата работа. Во извештајот опфатени се активностите на Советот за статистика на Република Македонија за периодот од јануари до декември 2020 година.

Тргнувајќи од информативниот карактер на Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот од јануари до декември 2020 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот.

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Марика Димитровска од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.297/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 70, член 131 и член 135 во делот „освен одредбите на членот 70 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и притоа го утврди следното мислење:

Со оваа иницијатива подносителот предлага поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 70, членот 131 и членот 135 во делот „освен одредбите на членот 70 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19).

Според наводите во Иницијативата оспорените одредби не се во согласност со членот 8 алинеја 3 и Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно членот 70 од Законот за прекршоците:

(1) Против решението за прекршок може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(2) Тужба може да поднесе лицето (физичко или правно) на кое му била изречена прекршочна санкција, неговиот законски застапник, бранителот и сопственикот на одземените предмети во прекршочната постапка.
(3) Ако прекршочниот орган што го донел решението кога ќе му биде доставена тужбата на одговор најде дека истата е основана, а не е потребно да се спроведува нова постапка, може да одлучи поинаку и со ново решение да го замени решението што се побива со тужбата.
(4) Прекршочниот орган од ставот (3) на овој член за истото веднаш го известува судот надлежен за одлучува за управен спор, кој со решение ја запира постапката.
(5) Тужбата од ставот (1) на овој член го одлага извршувањето на решението.
(6) Судот надлежен да одлучува за управен спор постапката на судска заштита ја води според Законот за управните спорови.

Во преодните и завршни одредби (členovite 131, 134 и 135) од Законот за прекршоците јасно е пропишано влегувањето во сила и важењето на оспорените одредби од Законот.

Имено, согласно членот 131:

(1) Против решенија за прекршок што ги донел прекршочниот орган може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка до 31.12.2020 година.
(2) Предметите по започнатите постапки по жалба пред Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка кои нема да завршат во рокот од ставот (1) на овој член, ќе се предадат и ќе продолжат пред Управниот суд.

Во членот 134 кој упатува на членовите 68 и 69 (кои ќе престанат да важат до 31.12.2020 година) е уредено постапувањето по жалбите поднесени до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка до 31.12.2020 година, а со членот 135 делот „освен одредбите на членот 70 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година" е пропишано преминувањето на надлежноста во Управниот суд.

Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Според член 50 став 2 од Уставот, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Согласно Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија

1. Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд.
2. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред одрган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Согласно членот 3 став 1 точка 3) од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), во управен спор судот одлучува за: 3) законитоста на актите на јавните органи донесени во прекршочна постапка,

Во членот 4 став (1) точка 6) од Законот за управните спорови е дефиниран управениот акт во смисла на овој закон – тоа е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка.

Од сето погоре наведено може да се заклучи дека е сосема неспорно дека пренесувањето на надлежноста за постапување по жалба/тужба против одлука на првостепен јавен орган во прекршочна постапка, од Државната комисија на Управниот суд е во согласност со членот 8 алинеја 3 и Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија.

Во ставот 1 од Амандманот се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Вакви се одлуките што ги донесуваат надлежните првостепени судови кои постапуваат во прекшочна постапка. Против овие одлуки согласно Законот за прекршоците надлежен е второстепениот суд.

Во случаите кога за сторен прекршок е надлежен јавен орган се применува ставот 2 од истиот Амандман согласно кој – „Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон. Во случајов тоа е Законот за прекшоците.

Со оспорените одредби кои се однесуваат на надлежноста за постапување по жалба/тужба против првостепена одлука донесена од страна на јавен орган се гарантира правната сигурност, не се оспорува правото на двостепеност и правото на судска заштита, особено од причина што тужбата го одлага извршувањето на одлуката донесена од страна на органот. Исто така, постапката е побрза и поекономична и во никој случај не предизвикува правна несигурност кај граѓаните, бидејќи со Законот за прекршоците е точно прецизирано до кога и од кога кој орган е надлежен, како и постапувањето со предметите по кои е започната прекршочната постапка.

Поради наведеното, не е сторена повреда на членот 8 алинеја 3, ниту на Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи со оспорената законска одредба не се нарушува принципот на владеење на правото и одредбите се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на членот 70, член 131 и член 135 во делот „освен одредбите на членот 70 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) е неоснована поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на член 70, член 131 и член 135 во делот „освен одредбите на членот 70 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19).

<u>**Точка 59**</u>

Владата на ја разгледа Иницијативата за изменување и дополнување на член 61 став 1, алинеја 10 од Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.64/18), по претставки поднесени од

Македонското здружение на млади во име на барателите на азил, доставено од Народниот правобранител на Република Северна Македонија и согласно член 30 став 1 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18) заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Согласно член 61 став (1) алинеја 10 од Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.64/18), барателите на право на азил до донесување на конечна одлука во постапката за признавање на право на азил имаат право на работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил за чие барање за признавање на право на азил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил, во период не подолг од девет месеци по поднесувањето на барањето.

Со Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија"бр.137/13 и 55/16), матичен број на странец се определува на лица со признаен статус на бегалец или лице под супсидијарна заштита, кои како категории се утврдени во Законот за меѓународна и привремена заштита (*). Во контекст на наведениот закон, матичен број не се определува на барател на азил, туку само на лице со признаен статус согласно закон. Следствено на наведеното, доколку Секторот за азил во рок од девет месеци во редовна постапка не донесе решение во прв степен, се соочува со неможноста да се определи матичен број на баратели на азил, од причина што истите не се предвидени во Законот за матичен број.

Споредбено гледано и во земјите членки на Европската Унија не е предвидено да се определува матичен број на баратели на право на азил, односно истите определуваат одреден регистрационен број составен од 5-7 броеви, врз основа на кој ги користат правата кои им се законски утврдени.

Согласно член 15 од Директивата 2013/33/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 јуни 2013 година за утврдување на стандарди за прием на баратели на меѓународна заштита (преработка):

1. Земјите-членки треба да обезбедат барателите да имаат пристап до пазарот на трудот не подоцна од девет месеци од датумот кога барањето за меѓународна заштита било поднесено доколку првостепената одлука на надлежниот орган не била донесена, а одолжувањето не може да му се препише на барателот.

2. Земјите-членки треба да одлучат за условите за доделување на пристап до пазарот на трудот за барателот, согласно нивното национално право, при тоа обезбедувајќи барателите да имаат делотворен пристап до пазарот на трудот.

Заради политиките на пазарот на трудот, земјите-членки можат да им дадат приоритет на државјани на Унијата и државјани на земјите потписнички на Договорот за европската економска област, како и на лица државјани на трети земји со законски регулиран престој.

3. Пристап до пазарот на трудот нема да биде повлечен за време на жалбените постапки, кога жалбата против негативната одлука во редовна постапка има суспензивен ефект додека не се добие известување за негативната одлука.

Во контекст на цитираните одредби од членот 15 точка 1. од Директивата, е утврдено дека државите членки гарантираат барателите на азил да имаат пристап до пазарот на трудот најдоцна во рок од девет месеци од датумот кога е поднесено барањето, доколку не е донесено првостепено решение од надлежниот орган и одложувањето не може да се препише на барателот.

Дополнително, Директивата упатува во точка 2, дека државите членки одлучуваат за условите под кои ќе обезбедат пристап до пазарот на трудот, како и точка 3 која регулира дека доколку барателот на право на азил ги исполни условите односно има право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил за чие барање за признавање на право на азил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил, во период не подолг од девет месеци по поднесувањето на барањето, истото право ќе го користи и во жалбената постапка.

Во контекст на член 61 став (1) алинеја 10 од Законот за меѓународна и привремена заштита (*), доколку Секторот за азил не донесе решение во прв степен во рок од девет месеци, барателот на право на азил има право на слободен пристап на пазарот на труд и додека трае жалбената постапка, што значи дека е усогласен со членот 15 од Директива 2013/33/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 јуни 2013 година за утврдување на стандарди за прием на баратели на меѓународна заштита (преработка).

Со оглед на образложеното, со предложената Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за меѓународна и привремена заштита (*), се отстапува од она што е предвидено во предметната Директива.

Воедно се напоменува дека Законот за меѓународна и привремена заштита (*) во фазата на негово изготвување беше доставен на мислење до Европската Комисија во Брисел, како и преку Канцеларијата на УНХЦР во Скопје до седиштето на УНХЦР во Женева и во истиот беа земени предвид, соодветно анализирани и инкрорпорирани нивните забелешки, а за членот 61 кој е предложен да се менува со предметната Директива немаа забелешки од аспект на нивната усогласеност.

Исто така, Владата на Република Северна Македонија ја поддржува Иницијативата, но воедно укажува дека проширувањето на опфатот и просторот каде што барателите на азил може да вршат платена работа е тесно поврзано со добивање на матичен број на барателот на азил преку кој ќе може да го регулира работниот однос како и регулирање на правото од пензиско и здравствено осигурување.

Ваквата иницијатива треба да се гледа сеопфатно, односно треба да се направи анализа од потребите за измени на други системски закони, кои се поврзани со засновање на работниот однос, се со цел да се избегне ситуација на давање на декларативно право, кое барателите на азил во пракса не ќе можат да го остварат поради некомпатибилност на законските решенија во државата.

## Точка 60

Владата го разгледа Посебниот извештај за попречување на работата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија доставен до Владата на Република Северна Македонија од Народниот правобранител на Република Северна Македонија со цел преземање соодветни дејствија и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018) заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Сите пациенти со цистична фиброза кои се пријавени и за кои е доставена уредна документација од страна на соодветната универзитетска клиника се регистрирани во Регистарот на ретки болести и истите не се исклучени од регистарот на лица со ретки болести.

Во почетокот на 2016 година формиран е и отпочнат со работа „Центар за лекување на лица со цистична фиброза" во рамките на новоизградениот објект на ЈЗУ „Институт за белодробни заболувања кај децата Козле" - Скопје.

До 2018 година, лековите за лекување на овие пациенти како прволиниска терапија (вкупно 8 вида) се набавуваа преку програмата за лекување на пациенти со ретки болести, а од 2018 година истите се набавуваат преку ЈЗУ „Институт за белодробни заболувања кај децата Козле" - Скопје, за што установата во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија има добиено и зголемување на буџетот за оваа намена. Лековите за лекување на овие пациенти како прволиниска терапија со ставени на позитивната листа на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Со цел обезбедување на брза и едноставна достапност на пациентите со потребната терапија, овозможено е пациентите истата да ја подигаат од инсулинските аптеки во здравствените установи во своето место на живеење.

Во однос на отстранување на ограничувањето од вкупно 20 пациенти кои се лекуваат преку Програмата за ретки болести, се истакнува дека основна цел на оваа програма е обезбедување на терапија со лекови-сираци на лицата со ретки болести чија преваленца во Република Северна Македонија не надминува 1 на 100 000 жители, како и стандард на лекување сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем, а согласно светските нормативи за лекување, за лицата кои се вклучени во Регистарот на ретки болести на Република Северна Македонија, согласно обезбедениот буџет за тековната година.

Во однос на можноста сите медицински помагала да се набавуваат преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, напоменуваме дека истото не е во надлежност на Министерството за здравство.

Во однос на можноста од поедноставување на постапката и добивање на онлајн потврдата од центрите за социјална работа, а Министерството за труд и социјална политика да иницира воспоставување на електронска врска помеѓу центрите за социјална работа и подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување

Република Северна Македонија, органи пред кои се ефектуираат потврдите за ослободување од партиципација при користење на примарна, специјалистичко консултативна и на болничка здравствена заштита и при подигање на лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и лекување во странство, ве известуваме дека во моментов не постои можност за поврзување од ваков тип од причина што Министерството за труд и социјална политика во моментов работи на дизајнирање и имплементација на ново софтверско решение за администрирање на правата и услугите.

Воедно, Ве известуваме дека со изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), со членот 284 се овозможува Министерството за труд и социјална политика да издаде потврда или уверение како електронски документ од системот за евиденција на податоци за социјалната заштита со кој управува, потврден со електронски печат, согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и Законот за електронско управување и електронски услуги, при што потврдата или уверението издадени на овој начин имаат иста правна и доказна сила како нивната писмена форма.

Владата на Република Северна Македонија останува силно посветено кон обезбедување на квалитетна здравствена заштита за сите граѓани на Република Северна Македонија вклучително и за лицата заболени од цистична фиброза со еднаков третман како и за лицата со други ретки болести.

## Точка 61

Владата разгледа Иницијативата поднесена од Гордана Аџи - Спиркоска од Прилеп, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2010) и притоа го утврди следново мислење

Од наводите во Иницијативата произлегува дека како спротивен на член 9 од Уставот на Република Македонија, се оспорува член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/10). Имено, според наводите во Иницијативата вака предвидената законска одредба ја доведува во прашање еднаквоста на граѓаните утврдена со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 72/2010) членот 64 се менува и гласи: Во период од пет години од денот на влегување во сила на овој закон заклучно со 7 мај 2003 година, не е дозволено располагање со имотот што е предмет на денационализација, како и искористување на таков имот со кој се создаваат обврски за барателот.

Според ставот (2) на овој член, по истекот на периодот од ставот 1 на овој член, без оглед кога е поднесено барање за денационализација располагањето со имотот

што е предмет на денационализација како и искористување на таков имот со кој се создавааат обврски за барателот, е дозволено.

Според ставот (3) на овој член, склучените правни дела и дадените еднострани изјави на волја во периодот од став 1 на овој член, а со кои се располагало со имот предмет на денационализација или се искористил таков имот со кој се создале обврски за барателот се ништовни, само доколку поднесеното барање за денационализација до истекот на периодот од ставот 1 на овој член било прибележано во јавната книга за запишување на правата на недвижностите врз основа на акт на органот кој ја води постапката.

Вака изменетата одредба од член 64 од Законот за денационализација со членот 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација беше предмет на оценка на уставноста и законитоста пред Уставниот суд, кој со Одлука У.бр.115/2010, У.бр.120/2010 и У.бр123/2010, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2011 ја поништи одредбата од член 64 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2000, 42/2003, 44/2007, 20/2007, 14/2009, 20/2009 и 72/2010) во делот „само доколку поднесеното барање за денационализација до истекот на рокот од ставот (1) на овој член било прибележано во јавната книга за запишување на правата на недвижностите врз основа на акт на органот кој ја води постапката за денационализација“.

Со оглед дека Уставниот суд на Република Северна Македонија веќе ја ценел уставноста на одредбата која се оспорува со Иницијативата, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Иницијативата да ја отфрли како неоснована.

## Точка 62

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 736 за КО Бардовци на КП бр. 1947, дел 1, место викано Село, катастарска култура зз, нива, класа 2, со вкупна површина од 103 $м^2$ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 63

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот поднесена од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје со која се нуди право на првенствено купување на недвижен имот - градежно земјиште кое претставува дел од 157/421 идеалниот дел од КП бр.1726, КО Бутел, евидентирано во Имотен лист бр.4426, со право на сопственост на лицето Уливер Фета од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски

## Точка 64

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љиљана Трповска од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8431 на КО Тетово-3 на КП бр.12787, викано место/улица Град и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1455 за КО Центар 1 на КП бр.8532 викано место Ј.Сандански со површина од 37 $м^2$ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2129 за КО Злокуќани на КП бр.147/14 место викано Зајчев Рид со вкупна површина од 5570 $м^2$ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 68

Владата го одложи од разгледување Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставено под И.бр.742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка, КП бр.3788/1 за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, да достави мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 69

**1.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави Јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои

зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на претседател и четири члена на Регулаторната комисија за домување.

**2.** Владата го именува Сеад Садикоски за вршител на должноста заменик-директор на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

<u>Точка 70</u>

**1.** По повод Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи (работна верзија за информирање), Владата заклучи:

- Министерството за труд и социјална политика и Министерството за економија да ги усогласат ставовите по однос на текстовите на Предлогот на закон за работни односи и Предлогот на закон за трговија и истите да бидат разгледани на Економско-социјалниот совет.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 17 февруари 2021 година до 23 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 20 февруари 2021 година до 26 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата заклучи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди правни услуги преку ангажирање на правен советник во тендерската постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивен систем на природен гас во Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го усвои Известувањето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на Република Северна Македонија и истовремено ја

задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да постапи по Известувањето.

Согласно горенаведеното, потребно е Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да постапи по Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија, односно да ги додели на трајно користење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација просториите кои Државната комисија за спречување на корупцијата претходно ги користеше.

## Точка 71

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Цивилно воениот комитет за воздухопловство за 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 72

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтен деривати за декември 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево, за четврт квартал (1.10-31.12.2020 година), со дополнување, како материјал за информирање.

## Точка 74

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро - Берза – Скопје за период октомври-декември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, потребно е:

- предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;

- предлагачот да го објави Тримесечниот финансиски извештај октомври-декември 2020 година во веб страната на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза – Скопје.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори во државните институции во 2020 година, за примена на Законот за заштита од пушење, како материјал за информирање.

## Точка 76

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов за период јули - декември 2020 година, како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во однос на констатираните неправилности при вршење на стопански и организирање на рекреативен риболов, каде се наведени констатираните неправилности на концесионерите за кои постапките се во тек (издадени решенија) или за оние кај кои само има констатирано неправилности, а не се спроведени постапки (издадени решенија) и по конечното решавање на истите предлагачот да го извести Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради евентуалната натамошна постапка во однос на концесионерските договори.

## Точка 77

Владата ја разгледа Програмата за работа на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање. Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 78

Владата го разгледа новиот текст на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата во врска со полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули-декември 2020 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ - Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за спор пред Одбор за решавање на спорови (ДАБ) воспоставен од страна на ФИДИК Федерацијата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Адвокатско друштво Поленак од Скопје за прием на сите писмена и за застапување на Република Северна Македонија, Министерство за финансии пред Одборот за решавање на спорови (ДАБ) воспоставен од страна на ФИДИК Федерацијата, во врска со Договор за градежни работи „подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“ кој е склучен помеѓу Министерство за финансии - Сектор за централно финансирање и

склучување договори и Гуинтоли С.А.С, Друштво за градежништво, трговија и услуги Баует БГ ДОО Скопје и НГЕ Контрактинг С.А.С..

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства за исплата на овластениот адвокат и трошоците по постапките.

3. Се задолжува Министерството за финансии да склучи Договор за услуги со Адвокатско друштво Поленак од Скопје.

4. Се задолжува државниот правобранител на Република Северна Македонија да издаде овластување за Адвокатско друштво Поленак од Скопје.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Србија со седиште во Златибор, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата го разгледа Известувањето за отстапување на патнички моторни возила за кои трајно престанала потребата од нивно користење, со предлог-одлуки, го усвои Известувањето и ги донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Кабинет на Претседател на Република Северна Македонија и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за разузнавање, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истите со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција и согласно расправата на седницата на Владата, ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за правда во рок од 30 дена до Владата да достави информација за потребите од зајакнување на јавните обвинителства во однос на човечки ресурси, опрема и простории, вклучително и на истражните центри.

2. Се задолжува Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги во рок од 10 дена до Владата да достави информација за бројот на издадени електронски изводи од матичните книги преку Националниот портал за електронски услуги, за секоја книга поединечно.

3. Се задолжува Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги во рок од 20 дена да изврши целосна интеграција на податоците од матичните книги на родени, венчани и починати во Централниот регистар на население во реално време и да обезбеди издавање на изводи од матичните книги преку

Националниот портал за електронски услуги и за преземените активности да ја информира Владата, во рок од 30 дена.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да номинира координатор на работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите и номинацијата во рок од 15 дена да ја достави до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

5. Се задолжуваат сите министерства да номинираат член и заменик член во работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите и номинациите во рок од 15 дена да ги достават до заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

6. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси од редот на членовите на Кабинетот во рок од 15 дена да определи заменик на координаторот на работна група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите.

7. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за формирање на работната група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите.

8. Се задолжуваат Министерството за финансии- Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање во рок од седум дена да достават одговор на поставените прашања поврзани со употребата на Националната платформа за интероперабилност за потребите на надлежните органи за борба против корупција до Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

9. Се задолжува Инспекцискиот совет во рок од седум дена до Министерството за финансии да достави спецификација за соодветен хардвер со процена на потребни финансиски средства за целосна имплементација на пилот проектот во Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат Е-инспектор.

10. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Инспекцискиот совет во рок од 14 дена до Владата да достави информација за статусот на софтверот е-Инспектор и план за одржување и развој на софтверот.

11. Се задолжува Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на добивање на спецификацијата за соодветен хардвер со процена на потребните финансиски средства од Инспекциски совет да обезбеди средства за набавка соодветен хардвер потребен за софтверот за инспекциските служби опфатени со проектот Е-инспектор.

12. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од три месеци да подготви и до Владата да достави Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот со Акциски план за нејзино спроведување во период од две години.

13. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот со Акциски план за нејзино спроведување во период од две години, до Владата да достави Предлог-одлука за формирање на Национална комисија за мониторинг врз имплементирање на Акцискиот план.

14. Се задолжува Министерството за економија во рок од 60 дена да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија согласно препораките за надминување на детектираните слабости во извештајот на Транспаренси интернешнел и Државната комисија за спречување на корупцијата.

15. Се задолжува Министерството за правда во рок од 60 дена да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни установите согласно препораките за надминување на детектираните слабости во извештајот на Транспаренси интернешнел и Државната комисија за спречување на корупцијата.

16. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 15 дена до Владата да достави информација за потребата од изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

17. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа да назначат овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување по Законот за заштита на укажувачи во рок од 30 дена и да го објават назначувањето на нивните веб - страници.

18. Се задолжува Министерството за финансии - Биро за јавни набавки во рок од 30 дена до Владата да достави информација за потребите од кадровска екипираност на Бирото во однос на човечките ресурси со цел да се овозможи следење на зајакнатиот мониторинг.

19. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува

на единиците на локална самоуправа во рок од 30 дена да донесат интерни процедури за спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализација на договорите и јавно да ги објават на своите веб - страници.

20. Се задолжува Министерството за финансии во рок од три месеци да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки.

21. Се задолжува Министерството за финансии- Биро за јавни набавки во рок од три месеци да подготви наменска обука за сите договорни органи за: планирањето на набавките, начин и методи за истражување на пазарот, изработка на техничките спецификациии за стоки, услуги и работи, правилно и стразмерно утврдување на условите за учество и критериуми за избор на најповолна понуда и други содржини во насока на отстранување на сите слабости кои може да доведат до недоследно придржување кон начелата за јавни набавки.

22. Се задолжува Министерството за финансии - Биро за јавни набавки во рок од шест месеци да изготви модели на стандардни технички спецификации за набавка на стоки.

23. Се задолжува Министерството за финансии - Биро за јавни набавки во рок од 30 дена до Владата да достави план за кадровска доекипираност на организационата единица која ја спроведува управната контрола, како и доекипирање со стручни лица со струка од обласна на информатика и други потребни стручни лица, кој ќе содржи детални податоци за потребниот стручен кадар.

24. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси во рок од 60 дена да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

25. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа во рок од 30 дена да изготват годишен план за спречување на корупцијата соодветен на нивната надлежност.

26. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација и се препорачува на Агенцијата за администрација во рок од 30 дена до Владата да достават информација со предлог - активности за имплементација на дадените препораки во извештајот „Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам".

27. Се задолжуваат Министерството за економија и Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок од 60 дена да подготват и до Владата да достават соодветен акциски план за воспоставување на Една точка за

контакт и интеграција на Централниот регистар на Република Северна Македонија со Националниот портал за електронски услуги.

28. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинска управа и Инспекцискиот совет, во рок од седум дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси да доставaт номинација за контакт лице од редот на своите вработени со цел за поефикасна координација и справување со борбата против корупција.

29. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од 30 дена до Владата да достави предлог проект за воведување на систем за следење на предмети како и да обезбеди странски донатор кој ќе го финансира проектот.

30. Се задолжува Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија во рок од 15 дена да определи 10 вработени кои ќе работат во рамки на овој проект.

31. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави информација за потребата од изменување и дополнување на Кодексот за административни службеници.

32. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од седум дена да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за формирање на работната група за подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на државната помош.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за изработка на Стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување на членови на работна група за изработка на Стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 85

Владата го разгледа Предлог-решението за именување на почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Србија со седиште во Златибор и го донесе Решението за именување на почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Србија со седиште во Златибор со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 86

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за транспорт и врски на Управен суд на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за транспорт и врски на Управен суд на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |